Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и точка 64 од Правилата за работа на Македонскиот интербанкарски систем бр. 02-6835/9 од 27 февруари 2023 година, гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО
# за спроведување на Правилата за работа на Македонскиот интербанкарски платен систем

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова упатство се утврдуваат:
   - начинот и постапката за пристап до МИПС, односно обрасците на документите за пристап и работење во МИПС;
   - приоритетите на порамнување налози за пренос во МИПС;
   - издавањето изводи за сметките за порамнување;
   - постапките за управување со ризиците во МИПС;
   - постапувањето во случај на отворање стечајна постапка врз учесник од МИПС, и
   - работните денови и работното време на МИПС.

   Стандардот за намената и формата на пораките во МИПС (во натамошниот текст: стандардот) е даден во прилог на ова упатство и е негов составен дел.

## II. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПРИСТАП ДО МИПС

2. За директно учество во МИПС, барателот треба да ги достави документите од точка 11 од Правилата за работа на Македонскиот интербанкарски систем (во натамошниот текст: правила) на следниве обрасци:
   1) барање за директно учество во МИПС (прилог бр. 1);
   2) пријава на начинот на пренесување пораки во МИПС (прилог бр. 2);
   3) пријава на лицето овластено за комуникација во врска со МИПС кај учесникот (прилог бр. 3), и
   4) пријава на лицето овластено за информациска сигурност во врска со МИПС кај учесникот (прилог бр. 4).

3. За индиректно учество во МИПС, барателот, по отворањето сметка за порамнување во МИПС согласно правилата, доставува овластување до Народната банка за опслужување на сметката за порамнување на индиректниот учесник од страна на директен учесник во МИПС (прилог бр. 5).

4. По добивање пристап до МИПС, учесникот:
   1) поднесува пријава до Народната банка на пораките коишто учесникот ги прима од МИПС (прилог бр. 6);

2) може да овласти други учесници во МИПС да ја задолжуваат неговата сметка за порамнување, со поднесување овластување за задолжување на сметка за порамнување од друг учесник (прилог бр. 7), и
3) може да ја овласти Народната банка да ја блокира за задолжување неговата сметка за порамнување во определен период во текот на денот, со поднесување овластување за блокирање на задолжување на сметката за порамнување (прилог бр. 8).

## III. ПРИОРИТЕТИ НА ПОРАМНУВАЊЕ НАЛОЗИ ЗА ПРЕНОС И ИЗДАВАЊЕ ИЗВОДИ

5. Налозите за пренос коишто ги доставуваат учесниците во МИПС може да имаат степен на приоритет во интервалот од 1 до 99, каде што 1 е највисок, а 99 најнизок степен на приоритет.

   Учесникот може да поставува степени на приоритети во интервалот од 10 до 99. Учесникот, при издавањето овластување за задолжување сметка за порамнување од друг учесник за пренос на парични средства во денари, може да овласти други учесници да задаваат налози за пренос на товар на неговата сметка за порамнување со приоритетите: од 6 до 99, од 6 до 9 или од 10 до 99.

   Доколку не се постави степен на приоритет на налогот за пренос, се смета дека степенот на приоритет е 99. Приоритетите се задаваат со целобројни вредности. Учесникот кој го издал налогот за пренос може да го менува неговиот степен на приоритет. Промената може да се изврши доколку налогот за пренос е во редот на чекање.

6. Учесниците треба да ги следат налозите за пренос коишто се во редот на чекање и треба да преземаат потребни мерки за нивно порамнување пред крајот на работното време на МИПС.

7. Налозите за пренос на парични средства во денари и во евра коишто се во редот на чекање по моментот 9 во Дневниот термински план за работа на МИПС (во натамошниот текст: Терминскиот план на МИПС) ќе му бидат вратени на учесникот.

8. Операторот на платниот систем или операторот на системот за порамнување хартии од вредност доставува налози за пренос заради порамнување парични побарувања, односно обврски настанати во тој систем преку техничка сметка за порамнување во МИПС. Налогот за пренос се порамнува како една неотповиклива трансакција и ја доведува техничката сметка за порамнување на нула, според следниов алгоритам: прво се задолжуваат сите сметки за порамнување на учесниците со нето должничка позиција, а потоа се одобруваат сите сметки за порамнување на учесниците во нето кредитна позиција.

9. Народната банка на крајот на денот издава извод за сите извршени промени на сметката за порамнување во текот на еден работен ден.

Изводот содржи почетна состојба на сметката за порамнување, износ и референца на налозите за пренос коишто извршиле промена на сметката за порамнување и завршна состојба на сметката за порамнување.

Народната банка има право да издаде нов извод за ист датум на валута и по моментот системски крај од Терминскиот план на МИПС. Во тој случај, за конечен извод се смета изводот којшто е издаден најдоцна, а сите претходни изводи во рамките на истиот датум на валута се сметаат за неважечки.

Доколку Народната банка не прими писмена рекламација на содржината на изводот во рок од три дена по издавањето на изводот, се смета дека учесникот се согласува со состојбата на сметката за порамнување.

## IV. ПОСТАПКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ

### IV.1. Управување со финансиските ризици

10. Учесникот во МИПС има можност да ја следи состојбата на својата сметка за порамнување и статусот на своите налози за пренос, и/или сметките за порамнување коишто ги опслужува и статусот на налозите за пренос од тие сметки за порамнување.

    Народната банка им овозможува на учесниците во текот на работниот ден на МИПС да ги добијат информациите од став 1 од оваа точка преку доставување барање во соодветна порака согласно стандардот.

11. Народната банка може да ја активира процедурата во МИПС за разрешување на налозите за пренос на средства во денари коишто се во редот на чекање преку нето-пребивање (нетирање) во следниве случаи:
    - доколку постојат налози за пренос во редот на чекање на два или повеќе учесници, од кои времето на чекање на првиот налог за пренос за секој учесник е подолго од 120 минути или настапил моментот 7 во Терминскиот план на МИПС,
    - на барање на два и повеќе учесници коишто имаат налози за пренос во редот на чекање.

    Во процедурата на разрешување, во смисла на став 1 од оваа точка, за налозите за пренос коишто се во редот на чекање со различен степен на приоритет иницирани од ист учесник, предност на извршување имаат оние налози за пренос со повисок степен на приоритет без разлика на времето на прием. За налозите за пренос коишто се во редот на чекање со ист степен на приоритет иницирани од ист учесник, предност на извршување имаат налозите за пренос според времето на прием во МИПС, односно налозите за пренос коишто се примени први.

12. Народната банка во текот на работниот ден може да одобри и да изврши повеќекратна промена на дозволените дневни пречекорувања на сметките за порамнување на Народната банка во МИПС.

## IV.2. Управување со оперативните ризици и ризиците од сигурноста на информациските системи

13. Лицето овластено за информациска сигурност кај учесникот доставува Пријава на јавниот клуч (прилог бр. 9) на учесникот и на лицата овластени кај учесникот до лицето овластено за информациска сигурност во МИПС во Народната банка, инсталира и менува лозинки за пристап до системот и се грижи за сигурноста на логичкиот терминал од страна на учесникот. Тој не смее да ја наруши комуникацијата во системот со своите активности.

14. Размената на јавните клучеви на учесниците во МИПС се остварува преку лицето овластено за информациска сигурност во МИПС. Размената на клучеви може да се одвива како:
    - редовна размена на клучеви; и
    - вонредна размена на клучеви.

Редовната размена на клучеви се одвива во точно определен временски период за кој учесниците се информираат со известување од страна на Народната банка. Сите учесници се должни преку лицето овластено за информациска сигурност во МИПС да пријават нови јавни клучеви во определениот термин.

Народната банка може да определи термин за редовна размена и пред истекот на важноста на претходните јавни клучеви.

Вонредната размена на клучеви може да се случи пред редовната размена, на барање на учесникот во МИПС, при што лицето овластено за информациска сигурност во МИПС ги врши следниве активности:
- доставување нов клуч на учесникот, и
- поништување на претходно разменетиот јавен клуч на учесникот.

При новата размена, клучевите треба да важат до пропишаниот рок на важење од последното известување на Народната банка за редовна размена на клучеви. Клучевите може да важат најрано од првиот нареден ден по доставувањето во Народната банка.

Јавниот клуч на учесникот го поништува учесникот на барање на лицето овластено за информациска сигурност во МИПС. По исклучок, во итни случаи, поништувањето може да се изврши веднаш со телефонски повик од лицето овластено за информациска сигурност во МИПС кај учесникот до одговорното лице за комуникација за МИПС во Народната банка. По приемот на телефонскиот повик, одговорното лице за комуникација во Народната банка врши проверка на веродостојноста на телефонскиот повик со повторен телефонски повик до лицето овластено за информациска сигурност во МИПС кај учесникот врз основа на податоците за телефонскиот број претходно пријавен во Народната банка со соодветен образец, а учесникот е должен во рок од 60 минути од телефонскиот повик да достави барање за поништување на јавниот клуч по електронска пошта / телефакс. Писменото барање за поништување на јавниот клуч треба да пристигне во Народната банка во рок од 48 часа од моментот на телефонскиот повик.

Народната банка се обврзува во период не подолг од 60 минути по приемот на барањето за поништување на јавниот клуч по електронска пошта / телефакс да ги спроведе потребните промени во МИПС поврзани со поништувањето и за тоа да го извести учесникот преку МИПС.

Учесникот е одговорен за сите последици настанати во рамките на периодот од став 7 од оваа точка.

15. Доколку учесникот има потреба работното време на МИПС да биде продолжено согласно точка 43 од правилата, доставува барање за продолжување на работното време со пораката МТ 999, а доколку не постојат технички можности тогаш барањето, потпишано од лицето овластено за застапување на учесникот, се доставува по телефакс или по електронска пошта и телефонски се известува лицето овластено за комуникација во врска со МИПС во Народната банка за коешто се наведени податоци за контакт во прилогот бр. 10.

    Работното време на МИПС, во смисла на точка 43 од правилата, може да се продолжи најмногу 60 минути, независно дали постојат повеќе барања едно по друго во пократки временски интервали коишто не надминуваат повеќе од 60 минути.

    Продолжувањето на работното време подолго од 60 минути го одобрува Народната банка.

    Учесникот е должен да го достави барањето испратено по телефакс или електронска пошта до Народната банка по пошта, најдоцна наредниот работен ден.

    При продолжувањето на работното време утврдено со временските моменти од Терминскиот план на МИПС од точка 26 на ова упатство, следните моменти од Терминскиот план на МИПС се поместуваат за одобреното продолжување само за пораките во денари, додека пораките во евра се извршуваат согласно правилата на системот ТАРГЕТ2.

16. Учесникот доставува писмено овластување до Народната банка за лица овластени за обработка на пораките за пренос на средства од пренослив компјутер до Народната банка со цел да осигури непрекинатост во работењето во смисла на точка 47 од правилата. Во писменото овластување учесникот ги наведува податоците за името и презимето и бројот на личната карта или бројот на пасошот на овластените лица. Писменото овластување се пополнува согласно прилогот бр. 11. Овластувањето се потпишува од страна на лицето овластено за застапување на учесникот. Писменото овластување може да се достави во хартиена форма потпишано од лицето овластено за застапување на учесникот или во електронска форма, дигитално потпишано од страна на лицето овластено за застапување на учесникот, со квалификуван сертификат за професионални цели. Валидноста на сертификатот треба да може да се провери преку овластениот издавач на сертификати преку интернет.

    Учесникот треба да достави писмена пријава до Народната банка на преносливите компјутери од коишто лицата овластени кај учесникот ќе можат

да обработуваат пораки за пренос на средства во просториите на Народната банка. Пријавата се пополнува согласно образецот од прилогот бр. 12 којшто е составен дел на ова упатство. Пријавата на преносливите компјутери може да се достави во хартиена форма потпишана од лицето овластено за застапување на учесникот или во електронска форма, дигитално потпишана од страна на лицето овластено за застапување на учесникот со квалификуван сертификат за професионални цели. Валидноста на сертификатот треба да може да се провери преку овластениот издавач на сертификати преку интернет.

Преносливите компјутери од ставот 2 на оваа точка треба да имаат инсталирано антивирусен софтвер со најнови антивирусни дефиниции, персонална бариера (англ. firewall), оперативен систем со активна поддршка од страна на производителот на којшто се инсталирани најновите надградби и сигурносни закрпи.

Во случај на потреба учесник во МИПС да обработува пораки за пренос на средства од пренослив компјутер во негова сопственост преку мрежни приклучоци во просториите на примарната или резервната локација на Народната банка, тој остварува комуникација со лицата одговорни за деловна поддршка за МИПС во Народната банка, за коишто се наведени податоци за контакт во прилогот бр. 10.

Овластените лица ги обработуваат пораките во Народната банка согласно Техничкото упатство за обработка на пораки во МИПС преку пренослив компјутер на учесникот, коешто е составен дел на ова упатство (прилог 13).

17. Во случај на промени кај пријавените лица овластени за комуникација, за информациска сигурност во МИПС и/или за обработка на пораки во просториите на Народната банка од пренослив компјутер на учесникот, како што се: напуштање на работното место кај учесникот, промена на работното место во рамките на учесникот, промена на податоците за комуникација и слично, учесникот е должен да ја извести Народната банка со доставување нов образец во најкус рок, но не подоцна од два работни дена од денот на настанувањето на промената.

    Доколку учесникот оцени дека треба да го промени претходно пријавениот начин на пренесување пораки во МИПС, поднесува нов образец од точка 2 став 1 потточка 2 од ова упатство.

18. Народната банка води регистар на лицата овластени за комуникација, за информациска сигурност во МИПС и за обработка на пораки во просториите на Народната банка од пренослив компјутер на учесникот и на преносливи компјутери на учесникот за обработка на пораки во МИПС.

## V. ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ОТВОРАЊЕ СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВРЗ УЧЕСНИК

19. Во случај на отворање стечајна постапка врз учесник во МИПС, налозите за пренос внесени во МИПС од овој учесник се заштитени согласно одредбите од Законот за платежни услуги и платни системи во следниве случаи:

1) ако налогот за пренос, вклучувајќи го и оној што е во редот на чекање, бил внесен во МИПС пред моментот на отворање на стечајната постапка, односно исполнувањето на условите за отворање стечајна постапка, или
2) доколку до моментот кога налогот за пренос станал неотповиклив, техничкиот администратор на МИПС во Народната банка не го примил известувањето за одлуката за отворање стечајна постапка, односно исполнувањето на условите за отворање стечајна постапка и налогот за пренос била внесен во МИПС по моментот на отворање на стечајната постапка, односно исполнувањето на условите за отворање стечајна постапка.

20. Налозите за пренос иницирани од учесникот врз кој е отворена стечајната постапка коишто се внесени во МИПС пред отворањето на стечајната постапка, односно исполнувањето на условите за отворање стечајна постапка ќе бидат порамнети во согласност со точките 28, 29 и 31 од правилата.

21. Кога техничкиот администратор на МИПС во Народната банка ќе ја добие одлуката за отворање стечајна постапка, односно исполнување на условите за отворање стечајна постапка во одреден период од работниот ден на МИПС, ќе се преземат следниве чекори:
    1) Техничкиот администратор на МИПС во Народната банка веднаш ќе ја блокира сметката за порамнување на учесникот врз кој е отворена стечајната постапка и повеќе не дозволува внесување налози за пренос на средствата во МИПС од овој учесник;
    2) Техничкиот администратор на МИПС во Народната банка веднаш ќе ги извести другите учесници, со праќање соодветна порака во МИПС за отворање стечајна постапка врз учесник во МИПС;
    3) Техничкиот администратор на МИПС во Народната банка ќе ги одбие сите налози за пренос иницирани од учесникот врз кој е отворена стечајната постапка по моментот на приемот на одлуката за отворање стечајна постапка, односно исполнувањето на условите за отворање стечајна постапка и блокирање на неговата сметка за порамнување во МИПС, освен налозите за пренос за порамнување на нето-позициите во кои соодветниот учесник се појавува во нето должничка позиција, но за кои претходно обезбедил гаранции кај операторот на соодветниот платен систем;
    4) Налозите за пренос внесени во МИПС пред моментот на отворање стечајна постапка, односно исполнувањето на условите за отворање стечајна постапка врз учесник и блокирање на неговата сметка за порамнување во МИПС, коишто не се порамнети и коишто се во редот на чекање, ќе се порамнат до износот на расположливите средства на сметката за порамнување на учесникот;
    5) Налозите за пренос на средствата внесени во МИПС пред моментот на отворање на стечајната постапка, односно исполнувањето на условите за отворање стечајна постапка врз учесник и блокирање на неговата сметка за порамнување во МИПС, за кои нема расположливи средства на сметката за порамнување на учесникот и коишто се во редот на чекање, ќе бидат одбиени од техничкиот администратор на МИПС во Народната банка;
    6) На крајот на работниот ден, МИПС автоматски ќе ги одбие сите пораки за пренос на средствата коишто се во редот на чекање на учесникот врз кој е отворена стечајната постапка.

22. Доколку техничкиот администратор на МИПС во Народната банка ја добие одлуката за отворање стечајна постапка, односно исполнување на условите за отворање стечајна постапка врз учесник по затворањето на работниот ден на МИПС, Народната банка ќе ги преземе сите потребни чекори за да не може учесникот повеќе да иницира налози за пренос во наредниот работен ден и ќе ги извести другите учесници, со праќање соодветна порака во МИПС, за отворање стечајна постапка врз учесник во МИПС.

23. По исклучок на точка 21 став 1 потточка 1) и точка 22 од ова упатство, Народната банка ќе овозможи внесување налози за пренос со кои се задолжува сметката за порамнување на учесникот врз кој е отворен стечај, само доколку тие се доставени од оператор на платен систем во врска со порамнување на нето-позициите од точка 21 став 1 потточка 3) од ова упатство, стечаен управник или од друг надлежен орган.

24. По приемот на писменото барање од стечајниот управник за затворање на сметката за порамнување, Народната банка ја затвора сметката за порамнување на учесникот и го исклучува од МИПС.

## VI. РАБОТНИ ДЕНОВИ

25. Народната банка ги известува учесниците за работните денови на МИПС за плаќањата во денари и евра на крајот на годината за наредната година. Народната банка објавува календар на работните денови на МИПС за плаќањата во денари и евра на својата интернет-страница.

    При вонредни околности, Народната банка може да ги измени работните денови на МИПС, при што за промените треба да ги информира учесниците во најкус можен рок.

## VII. РАБОТНО ВРЕМЕ

26. Вклучувањето на системот започнува во моментот СИСТЕМСКИ СТАРТ и завршува во моментот СИСТЕМСКИ КРАЈ.

    Работното време на МИПС е поделено во фази, во зависност од работните денови на МИПС и ТАРГЕТ 2 и дозволените плаќања во денари и евра.

    Во работните денови на МИПС и ТАРГЕТ 2, МИПС овозможува порамнување на плаќањата во денари во земјата и во евра во земјата и странство. Во работните денови на МИПС коишто се неработни денови на ТАРГЕТ 2, МИПС овозможува порамнување на плаќањата во денари и евра во земјата, а ги прифаќа плаќањата во евра во странство со наредните датуми на валута.

    Работното време на МИПС е одредено со Терминскиот план на МИПС со следниве моменти:

**Момент СИСТЕМСКИ СТАРТ – 8:00 часот**

Од овој момент МИПС им стои на располагање на учесниците од точка 10 став 1, потточки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 13 од правилата.

**Момент 1 – 9:00 часот**

Од овој момент МИПС му стои на располагање на учесникот од точка 10 став 1, потточка 9 од правилата за порамнување на нето-позициите на учесниците во платниот систем којшто обработува платежни трансакции засновани на картичка.

**Момент 2 – 10:00 часот**

Од овој момент МИПС му стои на располагање на учесникот од точка 10 став 1, потточка 10 од правилата за порамнување на нето-позициите на учесниците во системот за порамнување хартии од вредност.

**Момент 3 – 11:00 часот**

Во овој момент МИПС престанува со примање на налозите за пренос за порамнување на нето-позициите на учесниците во системот за порамнување хартии од вредност. До овој момент, операторот на системот за порамнување хартии од вредност треба да ја доведе својата техничка сметка за порамнување на 0 (нула) денари.

Во овој момент МИПС престанува со прием на налозите за пренос за порамнување на нето-позициите на учесниците во платниот систем којшто обработува платежни трансакции засновани на картичка. До овој момент, операторот на платниот систем којшто обработува платежни трансакции засновани на картичка треба да ја доведе својата сметка за порамнување на 0 (нула) денари.

**Момент 4 – 12:00 часот**

Од овој момент МИПС му стои на располагање на учесникот од точка 10 став 1, потточка 11 од правилата за порамнување на нето-позииците на учесниците во платниот систем од држава членка или од трета држава одговорен за функционирањето на картична платежна шема.

**Момент 5 – 14:30 часот**

Од овој момент МИПС му стои на располагање на учесникот од точка 10 став 1, потточка 9 од правилата за порамнување на нето-позициите на учесниците во платниот систем којшто обработува платежни трансакции иницирани со кредитни трансфери.

**Момент 6 – 15:30 часот**

Во овој момент МИПС престанува со примање налози за пренос за порамнување на нето-позициите на учесниците во платниот систем којшто обработува платежни трансакции иницирани со кредитни трансфери. До овој момент, операторот на платниот систем којшто обработува платежни трансакции иницирани со кредитни трансфери треба да ја доведе својата сметка за порамнување на 0 (нула) денари.

Во овој момент МИПС престанува со примање на налозите за пренос за порамнувањето на нето-позиициите на учесниците во платниот систем од држава членка или од трета држава одговорен за функционирањето на картичната платежна шема. До овој момент операторот на платен систем од држава членка или од трета држава одговорен за функционирањето на

картичната платежна шема треба да ја доведе својата сметка за порамнување на 0 (нула) денари.

**Момент 7 – 16:30 часот**

Во овој момент МИПС престанува со примање на налозите за пренос на парични средства во денари од учесниците од точка 10 став 1, потточки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 13 од правилата за нивните корисници на платежни услуги, со исклучок на налозите за пренос од операторот на системот за порамнување хартии од вредност поврзани со порамнувањето трансакции склучени на пазарите преку шалтер.

**Момент 8 – 16:45 часот**

Во овој момент МИПС престанува со примање на налозите за пренос во евра од учесниците од точка 10 став 1, потточки 4, 5 и 6 од правилата и од Народната банка за нејзините корисници на платежните услуги.

**Момент 9 – 17:00 часот**

Во овој момент МИПС престанува со примање секакви налози за пренос на средства во денари и евра.

По исклучок, по овој момент МИПС прима налози за пренос поврзани со одобрување кредит преку ноќ од Народната банка.

Во овој момент МИПС престанува со примање на налозите за пренос со примена на принципот „плаќање наспроти плаќање‟.

**Момент 10 – 17:05 часот**

Од овој момент МИПС престанува со примање на налозите за пренос поврзани со одобрување кредит преку ноќ во денари.

Од овој момент МИПС издава изводи за сметките за порамнување во денари и евра за учесниците.

**Момент СИСТЕМСКИ КРАЈ – 17:30 часот**

Исклучување на МИПС.

27. За сите останати пораки коишто не претставуваат пренос на средства, МИПС стои на располагање од моментот СИСТЕМСКИ СТАРТ до моментот СИСТЕМСКИ КРАЈ.

28. Пораките за пренос на средства во евра иницирани од учесници во системот ТАРГЕТ 2 во корист на учесници во МИПС коишто ќе бидат примени во МИПС по моментот 7 во тековниот работен ден ќе бидат обработени следниот работен ден во МИПС.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

29. Ова упатство влегува во сила на денот на потпишувањето, а ќе се применува од 20 март 2023 година.

**У бр. 02-7747/1**
**6 март 2023 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**

Прилог бр. 1

# БАРАЊЕ
## за учество во Македонскиот интербанкарски платен систем (МИПС) на Народната банка на Република Северна Македонија

Ново ☐ Промена ☐ Бришење ☐ (означете само едно)

Датум: ☐☐.☐☐.☐☐☐☐ година Број:__________________

| А) ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ДЕТАЛИ | |
|---|---|
| 1. Целосен назив на учесникот и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС) | ЕМБС: __________________ |
| 2. Краток назив | |
| 3. Официјална адреса на учесникот (поштенска адреса) | |
| 4. Адреса каде што е сместен системот за комуникација со МИПС (поштенска адреса) | |
| 5. Водечки број на учесникот | ☐ ☐ ☐ |
| 6. БИК на учесникот | ☐☐☐☐ ☐☐☐☐ x x x |
| 7. Учесникот се зачленува како: (Означете со X) | ☐ Банка, филијала на странска банка или штедилница |
| | ☐ Трезор или Трезор на Фондот |
| | ☐ Платежна институција или институција за електронски пари |
| | ☐ Оператор на друг платен систем, оператор на систем за порамнување хартии од вредност или оператор на платен систем од држава членка или трета држава одговорен за функционирањето на картичната платежна шема |
| | ☐ Останати учесници |
| 8. Датум на ефективно учество | ☐☐.☐☐.☐☐☐☐ година |
| 9. Прилози кон формуларот | |

страница 1/2

**Б) НАЧИНИ НА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПОРАКИТЕ**

**При преносот на пораките во МИПС, ќе ги користиме следниве начини на пренесување пораки:**

**(пополнете само по едно квадратче во редовите 10 и 11 со Х)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10. Начин број 1 – пренесување на пораки преку мрежа на СФИВТ | ☐ Примарен | ☐ Резервен | ☐ Не се користи |
| 11. Начин број 2 – пренесување пораки преку кабелска врска | ☐ Примарен | ☐ Резервен | ☐ Не се користи |

Со потпишувањето на ова барање учесникот ги прифаќа правилата и сите наредни измени и дополнувања на правилата.

Доколку не се прифаќаат измените и дополнувањата, учесникот може еднострано да побара исклучување од МИПС пополнувајќи ист ваков формулар.

______________________________

Име и презиме на лицето овластено за застапување на учесникот

**Примил:**

Име и презиме на овластеното лице во Народната банка на Северна Република Македонија

Потпис

Датум:

Час:

Учесникот не смее да ги пополнува полињата со сива основа коишто треба да ги пополни Народната банка.

Прилог бр. 2

**ПРИЈАВА**
**на начинот на пренесување на пораките во МИПС**

Кон договорот за учество во МИПС бр.____________ ☐☐.☐☐.☐☐☐☐

| | |
|---|---|
| 1. Целосен назив на учесникот и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС ) | ЕМБС: __________________ |
| 2. БИК на учесникот | ☐☐☐☐ ☐☐ ☐☐ x x x |
| 3. Водечки број на учесникот | ☐☐☐ |

**При преносот на пораките во МИПС ќе ги користиме следниве начини на пренесување пораки:**

**(пополнете само по едно квадратче во редовите 4 и 5 со x)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. Начин број 1 – пренесување пораки преку мрежа на СВИФТ | ☐ Примарен | ☐ Резервен | ☐ Не се користи |
| 5. Начин број 2 – пренесување пораки преку кабелска врска | ☐ Примарен | ☐ Резервен | ☐ Не се користи |

Точките 6, 7 и 8 се пополнуваат само за начинот број 2

| | |
|---|---|
| 6. Тип на компјутер на учесникот | |
| 7. Тип на оперативен систем на учесникот | |
| 8. Назив на апликација за поврзување со МИПС | |
| 9. Датум на промената | ☐☐.☐☐.☐☐☐☐ година |

Учесникот го користи начинот за пренос на пораките којшто е означен како примарен.

Резервниот начин може да се прогласи за примарен, најмалку еден ден однапред, со пополнување нова пријава.

Датум
☐☐.☐☐.☐☐☐☐

____________________________________
Име и презиме на лицето овластено за застапување на учесникот

Потпис

Прилог бр. 3

**ПРИЈАВА**
**на лицето овластено за комуникација во врска со МИПС кај учесникот**

Кон договорот за учество во МИПС бр.____________ од ☐☐.☐☐.☐☐☐☐

| | |
|---|---|
| 1. Целосен назив на учесникот и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС) | ЕМБС: __________________ |
| 2. БИК на учесникот | ☐☐☐☐ ☐☐ ☐☐ x x x |
| 3. Водечки број на учесникот | ☐☐☐ |

Ве молиме да го регистрирате следново лице како лице овластено за комуникација или негов заменик во врска со МИПС почнувајќи од:

| | Лице овластено за комуникација | Заменик |
|---|---|---|
| 4. Име | | |
| 5. Презиме | | |
| 6. Телефон за контакт | | |
| 7. Телефакс | | |
| 8. Електронска пошта | | |
| 9. Потпис | | |

Датум
☐☐.☐☐.☐☐☐☐

______________________________
Име и презиме на лицето овластено
за застапување на учесникот

Потпис

Прилог бр. 4

## ПРИЈАВА
## на лицето овластено за информациска сигурност во МИПС кај учесникот

Кон договорот за учество во МИПС бр.____________ од ☐☐.☐☐.☐☐☐☐

| | |
|---|---|
| 1. Целосен назив на учесникот и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС ) | ЕМБС: __________________ |
| 2. БИК на учесникот | ☐☐☐☐ ☐☐☐☐ x x x |
| 3. Водечки број на учесникот | ☐☐☐ |

Ве молиме да го регистрирате следново лице како лице овластено за информациска сигурност во МИПС почнувајќи од: ☐☐.☐☐.☐☐☐☐

| | |
|---|---|
| 4. Име | |
| 5. Презиме | |
| 6. Телефон за контакт | |
| 7. Телефакс | |
| 8. Електронска пошта | |
| 9. Потпис | |

Датум
☐☐.☐☐.☐☐☐☐

_______________________________
Име и презиме на лицето овластено
за застапување на учесникот

Потпис

Прилог бр. 5

| **ОВЛАСТУВАЊЕ**<br>**за опслужување на сметката за порамнување на индиректниот учесник од страна на директен учесник во МИПС** | |
|---|---|
| Ново ☐ Промена ☐ Бришење ☐ | (означете само едно) |
| Датум: ☐☐.☐☐.☐☐☐☐ година | Број:__________________ |
| **А) ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ДЕТАЛИ за индиректниот учесник во МИПС** | |
| 1. Целосен назив на учесникот и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС ) | ЕМБС: __________________ |
| 2. Краток назив | |
| 3. Официјална адреса (поштенска адреса) | |
| 4. Сметка за порамнување во НБРСМ | ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐ |
| 5. Договор за отворање сметка за порамнување | |
| 6. Датум на склучување на договорот за отворање сметка за порамнување во НБРСМ | ☐☐.☐☐.☐☐☐☐ година |
| **Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ДЕТАЛИ за директниот учесник во МИПС** | |
| 1. Целосен назив и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС) | ЕМБС: __________________ |
| 2. Краток назив | |
| 3. Официјална адреса (поштенска адреса) | |
| 4. Адреса каде што е сместен системот за комуникација со МИПС (поштенска адреса) | |
| 5. Водечки број на учесникот | ☐☐☐ |
| 6. БИК на учесникот | ☐☐☐☐ ☐☐☐☐ x x x |
| 7. Број на договор за учество во МИПС | |
| 8. Датум на склучување на договорот за учество во МИПС | ☐☐.☐☐.☐☐☐☐ година |

страница 1/2

Ве молиме почнувајќи од ☐☐.☐☐.☐☐☐☐ година

☐ да го **регистрирате** ова овластување

☐ да го **избришете** овластувањето број ________________

за сметката за порамнување број: ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐ на индиректниот учесник.

Со ова овластување **индиректниот учесник** го овластува директниот учесник да ја опслужува неговата сметка за порамнување во Народната банка на Република Северна Македонија преку Македонскиот интербанкарски платен систем.

**Народната банка на Република Северна Македонија** се овластува да обработува пораки од директниот учесник согласно договорот за учество во МИПС, а на товар и во корист на сметката за порамнување на индиректниот учесник, за коишто ќе се смета како да се пратени од индиректниот учесник. Исто така, Народната банка на Република Северна Македонија се овластува да го известува директниот учесник за состојбата на сметката за порамнување на индиректниот учесник, со што ќе се смета дека е известен индиректниот учесник.

Начинот и динамиката на пренесување на информациите поврзани со сметката за порамнување на индиректниот учесник се на договорна основа помеѓу индиректниот и директниот учесник.

При регистрирање ново или промена на овластувањето, потребна е согласност од индиректниот и од директниот учесник. При бришење на овластувањето, потребна е согласност само од индиректниот учесник.

За сите промени треба да се извести Народната банка на Република Северна Македонија најмалку седум (7) дена однапред. Во случај на потреба од итно бришење на овластувањето, тоа може да се оствари и во тековниот ден, по што индиректниот учесник може да продолжи со извршување на налозите за пренос преку Народната банка на Република Северна Македонија.

**Индиректен учесник**

Име и презиме на лицето овластено за застапување на учесникот

**Потпис**

**Директен учесник**

Име и презиме на лицето овластено за застапување на учесникот

**Потпис**

**Примил:**

Име и презиме на овластеното лице на Народната банка на Република Северна Македонија

**Потпис**

Датум:

Час:

Прилог бр. 6

**ПРИЈАВА**
**на пораките коишто учесникот ги прима од МИПС**

| | |
|---|---|
| Кон договорот за учество во МИПС бр.____________ од ☐☐.☐☐.☐☐☐☐ | |
| 1. Целосен назив на учесникот и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС) | ЕМБС: ________________ |
| 2. БИК на учесникот | ☐☐☐☐ ☐☐ ☐☐ x x x |
| Ве молиме почнувајќи од ☐☐.☐☐.☐☐☐☐ да ја регистрирате следнава пријава во МИПС | |
| 3. Прием на пораки (пополни само едно квадратче со x) | |
| 3.1. Известување за одобрување МТ 910 ☐ ДА ☐ НЕ | |
| 3.2 Изводи | |
| ☐ Детален извод МТ 940 или ☐ Извод МТ 950 | |
| 3.3 Потврда за порака во редот на чекање (МТ н96) ☐ ДА ☐ НЕ | |

Датум

☐☐.☐☐.☐☐☐☐

________________________________
Име и презиме на одговорното лице за комуникација за МИПС кај учесникот

Потпис

Прилог бр. 7

## ОВЛАСТУВАЊЕ
## за задолжување сметка за порамнување од друг учесник

Кон договорот за учество во МИПС бр.____________ од ☐☐.☐☐.☐☐☐☐

| | |
|---|---|
| 1. Целосен назив на учесникот и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС ) | ЕМБС: __________________ |
| 2. БИК на учесникот | ☐☐☐☐ ☐☐ ☐☐ x x x |
| 3. Водечки број на учесникот | ☐☐☐☐ |

Ве молиме почнувајќи од ☐☐.☐☐.☐☐☐☐ година

на нашата сметка за порамнување во МИПС број:

☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

☐ да го **регистрирате** овластувањето за задолжување

☐ да го **избришете** овластувањето за задолжување

од страна на следниов учесник:

| | |
|---|---|
| Целосен назив на учесникот и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС ) | ЕМБС: __________________ |
| БИК на учесникот | ☐☐☐☐ ☐☐ ☐☐ x x x |

Учесникот може да издава налози за пренос со степен на приоритет од ☐☐ ☐☐

во временскиот интервал од ☐☐:☐☐ часот до ☐☐:☐☐ часот.

Датум

☐☐.☐☐.☐☐☐☐

_______________________________

Име и презиме на лицето овластено за застапување на учесникот

Потпис

Прилог бр. 8

**ОВЛАСТУВАЊЕ**
**за блокирање задолжување од сметката за порамнување**

Кон договорот за отворање сметка за порамнување во МИПС бр.___________ од
☐☐.☐☐.☐☐☐☐

| | |
|---|---|
| 1. Целосен назив на учесникот и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС ) | ЕМБС: __________________ |
| 2. Краток назив | |
| 3. Официјална адреса (поштенска адреса) | |

Ве молиме почнувајќи од ☐☐.☐☐.☐☐☐☐ година на нашата

сметка во МИПС број: ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐

☐ да го **регистрирате** овластувањето за блокирање на одливите со трансакции со степен на приоритет од 10 до 99

☐ да го **избришете** овластувањето за блокирање на одливите со трансакции со степен на приоритет од 10 до 99

во периодот од 10 до 11 часот.

**Забелешка:** Согласни сме наведениот период да биде променет на писмено барање од Централниот депозитар на хартии од вредност АД Скопје до Народната банка на Република Северна Македонија.

_________________________________
Име и презиме на лицето овластено за застапување на учесникот

Датум
☐☐.☐☐.☐☐☐☐

Потпис

Прилог бр. 9

______________________________

______________________________
Назив на учесникот во МИПС

# ПРИЈАВА
# НА ЈАВНИОТ КЛУЧ

Со оваа пријава сакаме да го пријавиме следниов јавен клуч:

| |
|---|
| |

којшто ќе се користи за:

- ❑ Потпишување на блокот 4 на пораките во МИПС
- ❑ Потпишување на целата порака

(пополнете **само** едно)

како јавен клуч на ______________________________.

Клучот важи до ___.____.________ година.

1. Примил и проверил:

____________________ ________________
датум и време

2. Потврдил:

____________________ ________________
датум и време

3. Внесол во системот:

____________________ ________________
датум и време

______________________________
Потпис на лицето овластено за информациска сигурност во МИПС кај учесникот

Прилог бр. 10

## Податоци за контакт со Народната банка во врска со работењето на МИПС

Лице за информациска сигурност во МИПС во Народната банка:

- телефон: (02) 3 108 309 и
- е-пошта: mips_rtgs@nbrm.mk

Лице за комуникација во врска со МИПС во Народната банка:

- телефон: (02) 3 108 444 и
- е-пошта: mips@nbrm.mk.

Деловна поддршка за МИПС во Народната банка:

- телефон: (02) 3 108 126, (02) 3 108 174, (02) 3 108 309, (02) 3 108 376,
- е-пошта: mips_rtgs@nbrm.mk (за налози за пренос на парични средства во денари) и
- е-пошта: mips_eur@nbrm.mk (за налози за пренос на парични средства во евра).

Прилог бр. 11

## ОВЛАСТУВАЊЕ
**на лицата овластени за обработка на пораки во просториите на Народната банка од преносливиот компјутер на учесникот**

Кон договорот за учество во МИПС бр.____________ од □□.□□.□□□□

| | |
|---|---|
| 1. Целосен назив и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС) | ЕМБС: ________________ |
| 2. БИК на учесникот | □□□□ □□□□ x x x |
| 3. Водечки број на учесникот | □□□ |

Ве молиме да ги регистрирате следниве лица овластени како лица за обработка на пораки од преносливиот компјутер од нашата институција почнувајќи од: □□.□□.□□□□

| Име и презиме | Број на лична карта или пасош на лицето |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

Датум

□□.□□.□□□□

____________________________

Име и презиме на лицето овластено за застапување на учесникот

Потпис

Прилог бр. 12

**ПРИЈАВА**
**на преносливите компјутери на учесникот**
**за обработка на пораки во просториите на Народната банка**

Кон договорот за учество во МИПС бр.____________ од ☐☐.☐☐.☐☐☐☐

| | |
|---|---|
| 1. Целосен назив на учесникот и единствен матичен број на учесникот (ЕМБС) | ЕМБС: ___________________ |
| 2. БИК на учесникот | ☐☐☐☐ ☐☐☐☐ x x x |
| 3. Водечки број на учесникот | ☐☐☐ |

Ве молиме да ги регистрирате следниве преносливи компјутери за обработка на пораки во просториите на Народната банка почнувајќи од: ☐☐.☐☐.☐☐☐☐

| Марка и модел | Сериски број | Инвентарен број |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Датум
☐☐.☐☐.☐☐☐☐

_______________________________
Име и презиме на
лицето овластено
за застапување на учесникот

Потпис

Прилог бр. 13

## Техничко упатство за обработка на пораки во МИПС на пренослив компјутер

### Подготовка на пораките – потпишување блок 4

Најпрвин, треба да се исклучи апликацијата „МИПС датотечен адаптер" (MIPS FileAdapter) на работната станица поврзана со МИПС кај учесникот во МИПС. Понатаму, блокот 4 на пораките се потпишува со тајниот клуч на операторот со помош на апликацијата „едноставна проверка" (SimpleChecker) или друга апликација што ја користи учесникот во МИПС.

Ако се користи апликацијата „едноставна проверка" (SimpleChecker), треба исправно да бидат приспособени патеките за тајниот клуч на операторот, базата со јавниот клуч на МИПС (којашто може да содржи и други јавни клучеви) и јавниот сертификациски клуч во помошната апликација „криптоконфигурација" (CryptoConfig). Поставките на апликацијата „криптоконфигурација" (CryptoConfig) на работната станица кај учесникот во МИПС може да изгледаат како на сликата подолу:




За потпишувањето на пораките со „едноставна проверка" (SimpleChecker), најбитно е првата патека со тајниот клуч на операторот да биде точна и преносливиот медиум на којшто е снимен клучот да биде присутен на работната станица.

Ако треба да се потпишат голем број пораки, се користи опцијата за автоматско потпишување на пораките во „едноставна проверка" (SimpleChecker).




Најпрво, во „приспособувања" (Settings) се проверува патеката од каде што треба да се исчитаат пораките што треба да бидат потпишани. Ако пораките се подготвени во XML-формат се пополнува параметарот „XML влезен именик" (XML

input directory), а доколку пораките се во формат на СВИФТ текстуална порака, се пополнува параметарот „СВИФТ влезен именик" (SWIFT input directory).




На патеката наведена во параметарот „излезен именик" (Output directory) се снимаат пораките со потпишан блок 4. Во параметарот „излезен именик" (Output directory) може да се постави патека кон преносливиот компјутер.

Потпишувањето започнува со избирање на опцијата „старт" (Start) од менито „автоматски" (Automatic), при што пораките со потпишан блок 4 се снимаат во XML-формат:




Потпишаните пораки треба да се снимат на преносливиот компјутер доколку во параметарот „излезен именик" (Output directory) не била поставена патека којашто води до преносливиот компјутер.

Ако треба да се потпишат мал број пораки, може да се користи и опцијата за рачно потпишување, и тоа преку менито „рачно > потпиши" (Manual > Sign) и

потоа се избира XML или СВИФТ, во зависност од форматот на пораките за потпишување:




Потоа се избира пораката за потпишување или се внесува рачно патеката во полето „влезна датотека" (Input file):




При рачно потпишување, пораките се снимаат во истата папка со непотпишаната порака, освен ако не се промени патеката во полето „излезна датотека" (Output file).

Се активира копчето „потпиши" (Sign), со што се потпишува блокот 4 на пораката и пораката се снима во XML-формат. Потпишаните пораки треба да се снимат на пренослив компјутер.

Во случај кога не се користи апликацијата „едноставна проверка" (SimpleChecker), потребно е да се пронајде папката каде што софтверот што го користи учесникот ги снима пораките со потпишан блок 4, да се копираат пораките и да се снимат на преносливиот компјутер. Папката може да се пронајде преку параметарот „патека на датотека" (InFilePath) на конфигурациската датотека XAD.INI на апликацијата „датотечен адаптер" (FileAdapter) којашто комуницира со МИПС од работната станица на учесникот.

**Внимание:** Веднаш по нивното копирање на преносливиот компјутер, од папката од која се копирани потпишаните пораки треба да се преместат во друга папка, за да не бидат двојно обработувани кон МИПС по активирањето на апликацијата на работната станица во просториите на учесникот.

Потписот на пораките може исто така да се провери со „едноставна проверка" (SimpleChecker), со избирање на опцијата „провери потпис" (Check Sign) од менито „рачно" (Manual):




Потоа, се избира пораката на која се проверува потписот или се внесува целосната патека до неа во полето „датотека" (File), па се активира копчето „проверка на потпис на 4 блок" (Check 4th block's sign):




За проверка на потписите на пораките, јавниот клуч на операторот мора да биде евидентиран во базата со јавни клучеви, наведена во второто поле на „криптоконфигурација" (CryptoConfig).

## Инсталација и конфигурација на апликацијата „МИПС датотечен адаптер" (MIPS FileAdapter)

За да може учесникот да воспостави врска со МИПС од преносливиот компјутер преку приклучок во МИПС во просториите на Народната банка, на преносливиот компјутер на којшто се пренесени потпишаните пораки треба да биде инсталирана апликацијата „МИПС датотечен адаптер" (MIPS FileAdapter).

**Напомена:** На преносливиот компјутер треба да се воспоставени минималните мерки за информатичка сигурност предвидени во правилата и подзаконскиот акт за поврзувањето со информатичкиот систем на Народната банка, како и да се инсталирани и конфигурирани последните верзии на клиентските апликации за работа со МИПС коишто се обезбедени од Народната банка.

По инсталација на апликацијата, во конфигурациската датотека XAD.INI, којашто се наоѓа во папката каде што е сместена и апликацијата „МИПС датотечен адаптер" (MIPS FileAdapter) треба да се поставаат следниве параметри:

- Лозинка за „датотечен адаптер" (FileAdapter), се поставува во параметарот „лозинка за адаптер" (AdapterPassword) на начин како што е поставена во конфигурациската датотека XAD.INI на работната станица поврзана со МИПС во работните простории на учесникот. Ако лозинката е сместена во датотека на работната станица поврзана со МИПС во работните простории на учесникот, таа датотека треба да се копира на преносливиот компјутер и да се постави патеката во конфигурациската датотека XAD.INI на преносливиот компјутер;
- Таен институционален клуч за потпишување на целата порака, чијашто патека се поставува во параметарот „датотека за клуч" (KeyFile); и
- База со јавен клуч на МИПС, чијашто патека се поставува во параметарот „база за клуч" (KeyBase).

## Размена на пораките помеѓу работната станица поврзана со МИПС кај учесникот и преносливиот компјутер

Прекинувањето на работата на апликацијата „МИПС датотечен адаптер" (MIPS FileAdapter) на работната станица поврзана со МИПС во просториите на учесникот, физичкиот пренос на преносливиот компјутер во МИПС во просториите на Народната банка и обработката на пораките од него се извршуваат во временски рамки зададени во Терминскиот план на МИПС, определени од страна на Народната банка.

Потпишаните пораки за обработка во МИПС на преносливиот компјутер се сместуваат во стандардно поставената потпапка „датотеки на клиентот\влез" (ClientFiles\in) на папката што се создава со инсталацијата на „МИПС датотечен адаптер" (MIPS FileAdapter).

Пораките добиени од МИПС и другите пораки од учесниците во МИПС се запишуваат во стандардно поставената потпапка „датотеки на клиентот\излез (ClientFiles\out) на папката што се создава со инсталацијата на „МИПС датотечен адаптер" (MIPS FileAdapter).

Ако стандардно поставените папки и потпапки во конфигурациската датотека XAD.INI се изменети, се користат новите патеки и имиња на папките и потпапките.

Работата на апликацијата „МИПС датотечен адаптер" (MIPS FileAdapter) на работната станица поврзана со МИПС во просториите на учесникот мора да биде прекината до моментот на враќање на преносливиот компјутер во просториите на учесникот и копирање на пораките добиени од МИПС и другите пораки од учесниците во МИПС од преносливиот компјутер на работната станица поврзана со МИПС во просториите на учесникот.

Откако пораките примени кај учесникот, испратени од МИПС, ќе бидат вчитани од софтверското решение за обработка на плаќањата кај учесникот, може да се активира апликацијата „МИПС датотечен адаптер" (MIPS FileAdapter) на работната станица во просториите на учесникот.

## Прием на излезни пораки од МИПС на преносливиот компјутер на учесникот

По приклучувањето на преносливиот компјутер во просториите на Народната банка, учесникот ги добива на него излезните пораки од МИПС поврзани со пораките на другите учесници и одговорите од МИПС. По успешното испраќање на пораките од МИПС, тие ќе бидат означени со статус на испратени и снимени во папката за прием на пораки од МИПС на преносливиот компјутер. Овластените лица кај учесникот по враќањето во просториите на учесникот ги копираат примените датотеки од папката за прием на пораки од МИПС на преносливиот компјутер во папката за прием на пораки од МИПС на работната

станица поврзана со МИПС во просториите на учесникот, за понатамошна обработка во интерните информациски системи на учесникот.

Во случај на подолг прекин на работењето кај учесникот, овластеното лице кај учесникот повторно го носи преносливиот компјутер во просториите на Народната банка и го приклучува во МИПС, со цел да ги прими изводите за своите сметки, најдоцна до крајот на работното време на МИПС, согласно Терминскиот план на МИПС.